ISSN 0579-0263

СОЈУЗ НА ДРУШТВАТА НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ИСТОРИЈА

ГОД. XXXVII СКОПЈЕ 2001 БРОЈ 1–2

**КРИТИКА**

**Наде ПРОЕВА,** До кога со неквалитетни учебници по историја ќе ги образуваме и ќе ги воспитуваме младите поколенија ................. 121
**Стојко СТОЈКОВ**, Застарен и погрешен приод во интерпретирањето на средновековната историја на македонскиот народ ................. 127

**ПРИКАЗИ**

**Наталија СТРЕЛЬЧУК**, МАКЕДОНИЯ НАРИС ІСТОРІЇ НАЦИОНАЛЬНОВИЗВОЛЬНОГО РУХУ (остання третина XIX ст. - початок XX ст.), Золот, литаври, Чернівци, 1999, 119 (Кочо Сидовски) ................. 133
**Миле МИХАЈЛОВ**, Прашањето на обединувањето на Македонија во Втората светска војна, ИНИ, Скопје, 2000, 258 (С. Герасимова-Јовановска) ................. 135
**Виолета АЧКОСКА**, Методика на наставата по историја, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет, Скопје 2001, 509 (Д. Пачемска Петреска) .................138
**Даринка ПАЧЕМСКА ПЕТРЕСКА**, Војводата Дедо Андреја од Мало Црско, Менора, Скопје, 1999 г., 200 (Д. Димески) .................139
**Стојан РИСТЕСКИ**, Лешани, Струга, 2000 (В. Дрвошанов) ................. 142
**Боге ПЕТРЕСКИ**, Дуко Тасев (1858-1943) - кичевски војвода, Кичево, 2000, 133 (А. Трајановски) .................146
**Киро ГЛИГОРОВ**, Македонија е сè што имаме, Три, Скопје, 2001, 575 (К. Тодороска)................. 148

**СООПШТЕНИЈА**

**СДИРМ** доби плакета од Сојузот на борците на НОАВМ ................. 153
**Бобан ПЕТРОВСКИ**, Семинар - „Наставни материјали: контроверзни и чувствителни прашања, мултиперспектива“ .................154
**Ѓорѓи ЧАКАРЈАНЕВСКИ**, Шести државен натпревар по историја за учениците од средното образование................. 155
**Елена ЛАКИНСКА – Даринка ПАЧЕМСКА ПЕТРЕСКА**, Формирано Здружение на наставници по историја на Република Македонија ...... 159
**Борче ИЛИЕВСКИ**, Семинар - „Предавање на историјата“ ................. 160
**Елена ЛАКИНСКА – Дончо ЛОЗАНОВСКИ**, Трета национална конференција на Здружението на наставниците по историја во Бугарија на тема „Разновидноста на изворите и на средствата во наставата по историја“ ................. 162

СПИСОК НА СОРАБОТНИЦИ
СПИСОК НА СОРАБОТНИЦИ ШТО ПОМАГААТ ВО ДИСТРИБУИРАЊЕ НА СПИСАНИЕТО

Стојко СТОЈКОВ

# ЗАСТАРЕН И ПОГРЕШЕН ПРИОД ВО ИНТЕРПРЕТИРАЊЕТО НА СРЕДНОВЕКОВНАТА ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

Неодамна, во издание на Институт за национална историја, излезе од печат книгата „Историја на македонскиот народ", Том I, под редакција на Б. Панов. Се очекуваше во неа да дојде до израз квалитативниот и квантитативниот напредок на македонската историографија, во доменот на античката и средновековната историја, постигнат во последните три децении од излегувањето на тритомната „Историја на македонскиот народ" во 1968 г. Таа требаше да претставува квалитетна синтеза на македонската историја презентирана на ниво блиско на светските стандарди во областа на историографијата и да му го претстави на читателот минато на македонскиот народ во достапна форма. За жал, ваквите очекувања изостанаа, главно поради непрофесионалниот однос на главниот редактор во изборот на авторите на томот. Наместо да се ангажираат докажани специјалисти за одредени периоди од македонската историја, како да се водела грижа повеќе за фамилијарните врски и за материјалната добивка отколку за квалитетот, кој е ставен на заден план.

Трудот содржи вовед, составен од редакцијата на едицијата, предговор од редакторот на томот, три дела и библиографија. Првиот дел е посветен на античкиот период и е составен од единаесет глави. Вториот дел го опфаќа средниот век и е составен од девет глави, додека во третиот дел, во две глави, се обработува културата од античкиот и средновековниот период. Тешко е да се разбере зошто сета оваа огромна материја е ставена само во еден том. Се очекуваше античката историја на Македонија, која е извонредно богата, да биде претставена во посебен том. Несоодветен е и поднасловот на томот: „Македонија од праисторијата до потпаѓањето под турска власт (1371 г.)". Имено, стара и одамна е напуштена тезата дека Македонија паднала под турска власт во 1371 г. Факт е дека по Маричката битка (1371 г.) Османлиите не завладеале ни дел македонска територија. Општо е познато дека Македонија конечно паднала под османлиска власт дури по битката кај Ровине (1395 г.).

Текстот во трудот не е снабден ни со најнеопходниот научен апарат, потоа, нема индекс на поими и имиња, нема карти, шеми на битки, реконструкција на војници, куќи или градови, нема генеалошки таблици на династии, хронолошка таблица итн., а во библиографијата се наведуваат и дела со нагласено популарен карактер. Покрај тоа, не е јасно во која функција е англискиот превод на текстот под илустрациите, кога во книгата нема англиски текст!!!

Што се однесува до античката историја, не се чуствуваме компетентни да дадеме свое мислење. Тоа им го препуштаме на соодветните научници. Но се забележува дека меѓу авторите нема ниту еден специјалист за античка историја. Овој дел го пишуваат медиевисти: д-р Бранко Панов и неговиот син м-р Митко Б. Панов.

Слична е ситуацијата и со материјалот за средниот век. Ако се исклучи делот за културата, тој е пишуван речиси во целост од еден автор (Б. Панов), а не се вклучени истакнати специјалисти-медиевисти, меѓу кои и основоположникот на македонската медиевистика професорот Т. Томоски.

Основниот впечаток што го остава прочитот на ова дело е, што се однесува на средновековниот период, дека овој труд претставува компилација од застарени ставови пренесени без единствена концепција, со големи пропусти и фактографски грешки. Сосема е застарен и приодот во обработката на историскиот материјал. Тој во себе содржи многу марксистичи и панславистички гледишта. Најдобар пример за застарени и изворно незасновани ставови претставува материјалот за богомилството и за Охридската архиепископија.

Материјалот за богомилството задржал многу романтичарски и марксистички поставки.[1] Тоа е идеализирано (наспроти улогата на црквата, која е прикажана во доста негативно светло) и е претставено како позитивно народно (дури и народноослободително) прогресивно движење. Притоа се лансира тезата дека богомилството се зародило во кругот на охридската школа основана од свети Климент. Наводно, таа дала „сестрано изградени луѓе“ кои „аргументирано истапиле против востановените религиозни догми, наметнати од официјалната бугарска црква, против нејзиниот хиерархиски ред, како и воопшто против востановениот општествен и државен ред“ (стр. 338). Натаму се тврди дека богомилските проповедници излегле главно од средината на Охридската школа што покажувало дека таа во ереста имала голем удел (стр. 340). Ваквите ставови претставуваат лично мислење на авторот и немаат никаква потврда во изворите. Патем се демонстрира неразбирање за тоа што е догма бидејќи не постоеле некакви посебни догми на бугарската црква, туку заеднички догми за целата црква (меѓу другото и на МПЦ денес) и токму во духот на овие догми биле воспитани Светиклиментовите ученици, кои толку неочекувано се обвинети за ширење на ереста. Во тоа, изгледа, се тргнува од марксистичката теорија, која во секое антиопштествено движење гледаше нешто позитивно и затоа се заклучува дека токму образованите луѓе можат да ги видат „измамите“ на „официјалната“ црква (небаре има некоја неофицијална) и да истапат против нив. Но тука авторот е во заблуда. Само ниско грамотни и очајни луѓе би можеле да ѝ се приклучат на една слабо аргументирана деструктивна ерес. Во трудот неосновано се величи оваа негативна и антиопштествена секта во нашата исто-

---

[1] Карактеристичен е пасусот според кој, и покрај некои „ставови, кои се темелеле на трезвеност и логичност“ („во што се огледа неговиот прогресивен карактер“), сепак „богомилството ... не можело да се ослободи од религискиот поглед на свет“ (стр. 350), каде провејува комунистичиот став за религијата како опиум на народите, а ослободувањето од неа се третира како знак за прогрес.

рија која, меѓу другото, проповедала против раѓањето деца, против сексот и брачниот живот, забранувала јадење месна храна и пиење вино, ја ширела идејата дека сè што е видливо е зло, забранувала да се работи и да се плаќаат даноци и сл.

Додека на богомилството му е посветена цела глава и половина, за црквата воопшто и конкретно за Охридската архиепископија нема посебно место во трудот. Црквата во периодот пред Самуиловото царство се спомнува само попатно. Но и тоа е доволно за да биде демонизирана. Нејзината улога и дејност се прикажани во духот на најантирелигиските истапи од комунистичкото минато. На пример, се тврди дека свештениците им „всадувале" на „наивните и примитивни христијански верници" лажни идеи за потеклото на неправдата во светот поради што тие „лесно станувале плен на религиозните заблуди", дека заради тврдењето на Црквата дека злото потекнува од ѓаволот, а господарите се поставени од Бога, „обесправените и угнетени луѓе" на парадоксален начин доаѓале до идејата дека тие исти господари се „слуги на ѓаволот" (стр. 337 - 338). Од сето ова произлегува дека за појавата на богомилството директно биле виновни Црквата и нејзиното „измамничко учење. Оттаму, и самиот акт на покрстувањето на Словените во Македонија е претставен како негативен чин, извршен по пат на „наметнување" (стр. 324, 327), иако е познато барем за Византија дека таа не користела сила во ширењето на христијанството.

За Охридската архиепископија се говори сосема сумарно по паѓањето на Самуиловото царство и притоа таа е обвинета за активна „грцизација" на населението по 1018 г. (стр. 406, 407). Ваквата теза е застарена и одамна е напуштена. Со неа, всушност, се демонстрира големо незнаење и неразбирање на средновековната историја и на природата на Византиската Империја, која не е ниту грчка ниту пак етничка држава. На нејзините простори се вршела ромеизација (односно придобивање свест за римско „граѓанство"), која не била поврзана со промената на етничката свест. Сосема погрешна е констатацијата дека „уште по 1018 г. *грчките* црковни и световни власти почнале немилосрдно да ги уништуваат македонските словенски документи и други ракописни книги..." (курзивот е мој, С.С.). Овој преродбенски романтизам довел до појава на констатации од типот дека „... архиепископот Теофилакт и неговите потчинети епископи ... не успеале да го разбијат етничкото единство на македонскиот народ ... и за време на византиското владеење Македонците продолжиле меѓусебно да општат на својот мајчин јазик ..." (стр. 407). Нормално – никој не се ни обидел да направи такво нешто, а и немало зошто да се прави сето тоа. За истата намера е обвинет и архиепископот Димитар Хоматијан, кој дури „настојувал" и свештениците „да се од грчко потекло" (стр. 487). При тоа, се посочува на смената на неканонски донесените унијатски бугарски епископи и се тврди дека „таквата грчка политика што ја водел архиепископот Димитар Хоматијан најверојатно била одлучувачка српските епархии да се издвојат од својата матица Охридската архиепископија во 1219 г." (стр. 487), што е исто така произволна и изворно незаснована теза.

Во негативно светло е претставен и свети Климент. Во трудот, на пример, можеме да прочитаме дека: со „мисионерската работа на Климент ...

требало преку црквите да се дејствува во смирувањето на верниците и нивното претворување во послушни поданици на бугарската држава“ (стр. 604), дека Климент бил поставен за епископ во Струмица каде „требало да дејствува во правец на реализација на завладувачката политика на Симеон спрема македонските области, кои биле вклучени во рамките на Византиската Империја“ (стр. 317) и дека преку неговото назначување бугарскиот владетел Симеон настојувал „...од градот Струмица да направи истурена база за отпочнување на своите завладувачки походи кон Солун“ (стр. 609). Сето тоа се произволни констатации кои фрлаат негативно светло на личноста и дејноста на патронот на Македонската православна црква.

Многу површно и со големо непознавање на состојбите е предаден феудализмот во Македонија по 1018 г. Читателот не ќе може да дознае што е специфичното за феудализмот во Македонија и по што тој се разликува од добропознатата шема на западноевропскиот феудализам. Многу кратко, површно и непотполно е опишан системот на пронијата која е можеби најсуштинската карактеристика на феудализмот во Византија (соодветно и во Македонија). На стр. 540 можеме да прочитаме дека и во Душановото време во Македонија натуралната рента била „најдоминантен“ вид рента, иако е познато дека во Македонија тогаш била доминантна паричната рента, додека натуралната била помалку застапена. Тоа е и една од основните разлики во однос на ситуацијата во Србија каде што натуралната рента продолжила да преовладува.[2]

Трудот изобилува со голем број неточности и материјални грешки, што говори дека не се познава доволно историјата што се презентира. Тоа е уште почудно ако се знае дека најголемиот дел од пропустите се дело на Б. Панов, поранешен професор по историја на македонскиот народ и историја на Византија на Филозофскиот факултет во Скопје. Така, на пример, на стр. 309 се тврди дека Крум „си поставил за цел ... да го нападне и освои градот Солун“, што нема никаква потврда во изворите. Потоа дека „на пат за Сердика на 26 јули 811 година војската на Никифор била опкружена од големи бугарски сили и откако била разбиена се дала во бегство“ (стр. 310). Тоа не се случило така и таму, туку околу 300 километри источно и не на пат за Софија туку на враќање од претходно освоената од Византијците бугарска престолнина Плиска.[3]

Потоа се зборува за непостоечки поход на Крум во североисточна Македонија во 812 г., за кој дури и се наведува дека „на страшни пустоши и грабежи биле изложени словенските населби по Струма и Места од страна на Бугарите“ (стр. 310-311). Сосема погрешно се тврди дека „Веднаш по ликвидирањето на Самуиловото Царство ... бил укинат даночниот систем воспоставен од царот Самуил и бил воведен византискиот даночен систем“ (стр. 421). Во трудот можат да се најдат и мошне чудни податоци, како на пример,

---

[2] Сп. Г. Острогорски, О византијским практицима, О византијском феудализму, књ. 1, Београд 1969, 78.

[3]Сп. Г. Острогорски, Историја на Византија, Скопје, 1992, 245; В. Златарски, История на българската държава през средните векове, т. 1, ч. 1, София 1994 г., 258-259.

оној дека Македонските Словени научиле од античките Македонци да одгледуваат камили?! (стр. 289).

Трудот изобилува и со голем број изворно непотврдени податоци. На пример, можеме да откриеме дека во Самуиловото царство постоеле поголем број канцеларии во кои работеле и судии, потчинети на врховен судија, а највисоката судска инстанца бил самиот Самуил (стр. 389). На друго место, пак, се тврди дека во областите судската власт (покрај воената и административната) им припаѓала на обласните управители – најкрупни претставници на феудалната аристократија (стр. 389, 391). Се зборува за „огромниот воено-административен и црковен апарат“ (стр. 389) на Самуил, за „оловни, златни и восочни печати“ на неговата канцеларија (исто таму). Се создава голема конфузија кога се тврди дека државата административно била поделена на поголеми области (како оние со кои управувале Драгумуж, Богдан, Илица), кои се состоеле од помали единици составени од еден град и неговите околни тврдини и за пример се дава Кракра, за кој се знае дека бил од ист (а можно е и од повисок) ранг со Драгомуж, додека пак Богдан, управителот на внатрешните тврдини, секако имал повисок ранг од другите.

Во трудот отсуствува критички однос кон изворниот материјал. Така, некритички е прифатен легендарен податок дека Самуил во битката на Беласица имал 360 000 војска (стр. 364). Поради таквата некритичност, во македонската историја се вклучени настани што не се случиле на нејзина територија – на стр. 483 стои: „Според вестите на Михаил Аталијат ... тогаш жителите кои живееле во внатрешноста на Македонија, околу т.н. Сидера (Демир Капија) се ослободиле од печенешките 'непријателски провали'“ без да се сфати дека станува збор за темата Македонија и дека настаните се однесуваат на печенешките напади во Тракија кон Едрене, а Сидера се наоѓа кај Стара Планина.[4] Се забележува и преголема слобода при користењето на изворите, при што при нивното цитирање се уфрлаат зборови без задолжителното, во таков случај, појаснување.

Општ впечаток е дека на делот за средниот век во „Историјата“ му недостига јасна и модерна концепција. Постојната концепцијата е, доколку може да се зборува за таква, наследена од панславистичкото минато. Заобиколени се, на пример, појавите како исихазмот, улогата на Света Гора, Солунското Кралство, дејноста на Григориј Палама, Акиндин и други творци кои пишувале на грчки јазик. Всушност, по примерот наследен од времето на борбите со фанариотите, како наша историја се третираат само оние моменти од нашето средновековие, поврзани само со словенската писмена традиција и со независните словенски политички формации во Македонија. Со тоа голем дел од нашето средновековно минато се ампутира и се третира како туѓа историја.

На крајот сакаме да истакнеме дека без разлика на бројните слабости сметаме дека излегувањето на овој том има и своја позитивна страна. Тој ги изнесе на виделина состојбите во нашата медиевистика која, според начинот

---

[4] Сп. Гръцки извори за българската история т. V, с. 117, 118 и 175, т. VI, с. 237, т. II, с. 174.

на кој се обработува и се прикажува материјалот за македонската средновековна историја во овој труд, како да не е способна да се ослободи од напуштената комунистичко-марксистичка идеологија. Ваквата состојба секако е одраз на несериозноста и на неадекватниот научен приод во обработката на средновековната историја, пред сè, на редакторот на томот, кој е и автор на најголемиот дел од изложениот материјал.

Читајќи го овој труд, неминовно се наметнува впечатокот дека намерно се сакало да се деградира македонската медиевистика, да се покаже дека таа во изминатите триесетина години не напреднала ниту за милиметар. Во тоа и се успеало. Со жалење можеме да констатираме дека всушност македонската медиевистика со овој труд наместо чекор напред направи два чекора назад!